Бр./Nr 12-4542/2
07-02-2024 г./v. (2023)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-тата седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-4135/1 од 03.09.2019 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконско градење и узурпација на приватно и државно земјиште во ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 12-4135/1 од 03.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 03.09.2019 година поднесена е пријава со наводи за незаконско градење и узурпација на приватно и државно земјиште во /// и оформен е предмет број 12-4135/1 од 03.09.2019 година. Кон пријавата од страна на подносителот се доставени повеќе дополнувања заедно со приложена документација.

Наводите за узурпација и незаконско градење се однесуваат земјиште кое се наоѓало во непосредна близина на скијачкиот центар во ///, близу хотелот ///, каде незаконски бил изграден луксузен хотел.

Настаните опишани во пријавата се случиле во 2010 година, кога според изнесеното, од страна на правното лице /// било извршено рушење на земјиште во заедничка сопственост на подносителот и други сопственици, кое се наоѓало на КП///и КП///, без за тоа да бидат известени сопствениците на земјиштето.

Според изнесеното во пријавата, подносителот своевремено се обратил до повеќе институции: полициска станица ///, Министерство за транспорт и врски, Агенција за катастар на недвижностите.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање податоци и информации до Општина ///.

Од увидот во прибавената документација произлегува дека во Записник од инспекциски надзор извршен на 21.07.2021 година од страна на овластениот градежен инспектор на Општина /// било констатирано дека на предметната локација во моментот на надзорот не се одвивале градежни активности, и дека на локацијата постои објект на хотелот /// кој заедно со целата инфраструктура е изграден и ставен во употреба пред неколку години, а е сопственост на повеќе сопственици. Овластениот градежен инспектор

констатирал дека според визуелен преглед на локацијата истата не излегува од рамките на сопственоста на КП /// и КП /// КО ///.

Имајќи предвид дека во пријавата се опишани настани што се случиле пред подолг период во кој настапиле промени во повеќе околности на фактичката состојба, како и тоа дека ДКСК нема механизми за целосно утврдување на фактичката состојба на која се однесуваат наводите поврзани со опишаните настани, а за што се надлежни други органи, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk